**Известување за концентрација сп која 4иГ Ур ес Веделми Тецхнологиак Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг, Унгарија ќе стекне контрола врз Н7 Дефенце Холдинг Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг, Унгарија, Хиртенбергер Дефенце Системс Веделми Ипари Корлатолт Фелелоссегу Тарсасаг, Унгарија и ВАБ Корлатолт Фелелоссегу Тарсасаг, Унгарија**

**(предмет бр. 08-159 од 2025 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 11.11.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со кое 4иГ Ур ес Веделми Тецхнологиак Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг со регистрирано седиште на ул. Крисзтина корут бр. 39, 1013 Будимпешта, Унгарија ќе стекне контрола врз Н7 Дефенце Холдинг Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг со регистрирано седиште на ул. Асзталос Сандор ут. 2, 1087 Будимпешта, Унгарија, Хиртенбергер Дефенце Системс Веделми Ипари Корлатолт Фелелоссегу Тарсасаг со регистрирано седиште на ул. Сзент Истван ут 16. 3. ем. 313. ајто, 8100 Варпалота, Унгарија и ВАБ Корлатолт Фелелоссегу Тарсасаг со регистрирано седиште на ул. Асзталос С., ут. 2, 1087 Будимпешта Унгарија, по пат на купопрдажба на акции.

**-4иГ Ур ес Веделми Тецхнологиак Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг** (4iG Űr és Védelmi Technológiák Zártkörűen Működő Részvénytársaság)**,** е акционерско друштво чија главна дејност е дејност на холдинг компании, телекомуникации и интеграција на ИТ системи, технологии за вселена и одбрана, радиодифузни и сателитски услуги .

4иГ Ур ес Веделми Тецхнологиак Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг има едно поврзано правно лице во Северна Македонија, а тоа е **Друштвото за комуникациски услуги ОНЕ МАКЕДОНИЈА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Скопје**, друштво со ограничена одговорност основано согласно законите на Република Северна Македонија, со седиште на ул. Црвена Вода број 7/3, 1000 Скопје, Северна Македонија, чија што приоритетна дејност е–дејности на безжични телекомуникации.

**-Н7 Дефенце Холдинг Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг** (N7 Defence Holding Zártkörűen Működő Részvénytársaság) е акционерско друштво со регистрирано седиште на ул. Асзталос Сандор ут. 2, 1087 Будимпешта, Унгарија, чија главна дејност е дејност на холдинг компании, односно управување со сопственост на различни одбранбено-индустриски средства. Нивното портфолио ги опфаќа главните унгарски компании од одбранбената индустрија (производство на огнено оружје и муниција, воени возила, одржување и компоненти за авијација итн.).

Н7 Дефенце Холдинг Зарткоруен Мукодо Ресзвенитарсасаг (N7 Defence Holding Zártkörűen Működő Részvénytársaság) нема поврзани лица во Република Северна Македонија.

**-Хиртенбергер Дефенце Системс Веделми Ипари Корлатолт Фелелоссегу Тарсасаг** (Hirtenberger Defence Systems Védelmi Ipari Korlátolt Felelősségű Társaság) е друштво со ограничена одговорност со регистрирано седиште на ул. Сзент Истван ут 16. 3. ем. 313. ајто, 8100 Варпалота, Унгарија. Друштвото е дел од групација што на глобално ниво е активна како развивач, производител и добавувач на минофрлачки системи. Асортиманот на производи вклучува минофрлачка муниција, оружени системи, помошна теренска опрема, системи за нишанење и целење.

Хиртенбергер Дефенце Системс Веделми Ипари Корлатолт Фелелоссегу Тарсасаг (Hirtenberger Defence Systems Védelmi Ipari Korlátolt Felelősségű Társaság) нема поврзани лица во Република Северна Македонија.

**-ВАБ Корлатолт Фелелоссегу Тарсасаг** (VAB Korlátolt Felelősségű Társaság) е друштво со ограничена одговорност со регистрирано седиште на ул. Асзталос С., ут. 2, 1087 Будимпешта Унгарија, чија главна деловна активност е развој на градежни проекти.

ВАБ Корлатолт Фелелоссегу Тарсасаг (VAB Korlátolt Felelősségű Társaság) нема поврзани лица во Република Северна Македонија.

Подносителот на известувањето предлага за релевантен пазар да се земе *пазарот на воена одбранбена опрема/системи за целата територија на Република Северна Македонија*.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

14.11.2025 година

Скопје